**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Важен предуслов за зголемување на конкурентноста на земјоделските производи и преработки на странските пазари, а особено на оние во ЕУ, но и на домашниот пазар е зголемувањето на нивниот квалитет, следливост и безбедност.

Меѓународната конкуренција брзо расте, постојано се појавуваат нови конкуренти, кои воведуваат нови производи. Сето ова укажува на фактот дека со цел да се задоволат барањата на големите земји увознички на земјоделски производи и преработки, треба да се следат многу специфични барања во однос на калибрирање, складирање, пакување, етикетирање и транспорт.

Во Република Македонија не постои важечки правен акт кој ја регулира областа на пазарите на земјоделските производи и преработки. Поради тоа неопходно е донесување на примарно и секундарно законодавство како и интерни акти со кои се уредува оваа област.

Пребирливите потрошувачи на ЕУ пазарите особено ги привлекуваат нови производи, производи со дополнителна вредност како што се земјоделски производи и преработки заштитени со ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитети.

Со „Законот за индустриска сопственост“, („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/09) регулирана е заштитата на производите со ознака на потекло и географска ознака. Иако Република Македонија изобилува со традиционални производи, заштитата на овој тип на производи не е регулирана со постоечките правни акти. Поради тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство превзема иницијатива за правно регулирање на заштитата на земјоделските производи и преработки со ознака на потекло, географска ознака и гарантиран традиционален специјалитет.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со донесувањето на Законот за квалитет на земјоделски производи, како најзначаен правен акт од областа на пазарите на земјоделските производи и преработки, предвидено е да овозможи, ниввен повисок квалитет и олеснување на движењето на земјоделските производи и преработки, во согласност со тековните реформи во рамките на ЕУ, а особено:

- Преземање на сите новитети и измени во рамките на *Aquis communautaire* поврзани со пазарите на земјоделските производи и преработки и производи со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет и нивно вградување во новиот Закон;

- Дефинирање на министерството како носител на правата и одговорностите и единствен орган надлежен за квалитетот на земјоделските производи;
- Уредување на пазарите, со цел да се олесни движењето на стоките, преку:
  - утврдување на минимален квалитет и останати стандарди за земјоделските производи кои се ставаат во промет;
  - зголемување на квалитетот и конкурентноста на земјоделските производи и преработки и
  - остварување на следливост и подобро информирање на потрошувачите за природата и потеклото на земјоделските производи и преработки;
- Законско дефинирање на формирањето на бази на податоци и одговорност за нивно воспоставување, одржување, чување и почитување, како основа за планирање, администрација, следење и контрола на политиките и мерките во областа, како и работата на институциите кои истите ги реализираат
- Спроведување на надзор над земјоделските и прехранбените производи кои се ставаат на пазар од страна на Државниот земјоделски инспекторат.

Законот за квалитет на земјоделски производи, како значаен правен акт во земјоделството, ќе претставува основа за зголемување на конкурентноста на земјоделските производи и преработки, и фундамент на развојот не само на секторот земјоделство, туку и на македонската економија во целина.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Модел I – Не изготвување на Закон за квалитет на земјоделски производи

Модел II – Изготвување на Закон за квалитет на земјоделски производи.

Имајќи го во предвид обемот на новините во Европската Унија содржани во новите регулативи, а кој треба да се транспонираат во нашето законодавство, со цел хармонизација на истото со европското законодавство во областа на земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го прифати Моделот II.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија на**

**Предложено решение:**

**1. Трошоци и фискални импликации**

| | **(во илјади денари)** |
|---|---|

| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|
| **А. Вкупни трошоци за предлогот** | **2.313,1** | **2.313,1** | **2.313,1** | **2.313,1** |
| Плати | 0 | **29.725,3** | **29.725,3** | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | **2.313,1** | **32.038,4** | **32.038,4** | **2.313,1** |
| **Вкупно** | **2.313,1** | **32.038,4** | **32.038,4** | **2.313,1** |
| **Б. Одобрени средства за предлогот** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Ц. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)** | **- 2.313,1** | **-32.038,4** | **-32.038,4** | **- 2.313,1** |
| Плати | 0 | **-29.725,3** | **-29.725,3** | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | **- 2.313,1** | **-32.038,4** | **-32.038,4** | **- 2.313,1** |
| **Вкупно** | **- 2.313,1** | **- 2.313,1** | **- 2.313,1** | **- 2.313,1** |
| **Д. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д) | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | (Во илјади денари) |
|---|---|

| **Преглед на трошоци** | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
|---|---|---|---|---|
| Иницијални трошоци за министерството | **2.313,1** | **32.038,4** | **32.038,4** | **2.313,1** |
| Иницијални трошоци за трети страни | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Останати трошоци на деловните субјекти | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Трошоци на потрошувачите | **-** | **-** | **-** | **-** |

## 2. Придобивки

| **Годишни финансиски придобивки** | (Во илјади денари) |
|---|---|
| **А)** Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | нема |
| **Б)** Просечни годишни придобивки (без еднократните) | нема |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | нема |

## 3. Трошоци

Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Нови формалности за физичките и правните лица предвидени со Предлог на Законот за квалитет на земјоделски производи се:

- Водење на евиденција, архивирање и чување на податоците;
- Доставување на извештаи до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Поседување на лиценца за класификаторите;

- Поднесување на барање, вклучително елаборатот и/или спецификација за регистрација за спроведување на постапка за регистрирање на заштитени ознаки на земјоделските и прехранбените производи;
- Овластување на лаборатории за изведување на анализа и суперанализа;
- Овлатување на сертификационо тело за верификација на соодветноста со елаборатоти /или спецификација;

**4.** Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

**ДА**:

- Надградба на земјоделски систем за администрација и контрола.
- Плати и придонеси за вработување на лица за остварување на надлежностите по овој закон на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- Трошоци за вршење контрола на квалитетот на земјоделските производи од страна Државниот земјоделски инспекторат и Управата за ветеринарство за вработување на 11 советници.

**5.** Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

**ДА:**

- Работа на земјоделски систем за аминистрација и контрола;
- Работа на секторите и одделенијата задолжени за пазарите, како и производи со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет;
- Вршење на контрола и инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за земјоделство и Управата за ветеринарство.

**6.** Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

**ДА:**

- Трошоци за соодветно класирање, пакување и етикетирање на земјоделските производи,

7. Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

**НЕ**

**8. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Предложените решенија нудат проширување на можностите за искористување на потенцијалот на Република Македонија и зголемување на конкурентноста на земјоделските производи и преработки, а со самото тоа и зголемување на финансиските придобивки за засегнати страни.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

- Доверба на потрошувачите кон домашните земјоделски производи;
- Обезбедување на соодветно функционирање на пазарот за земјоделски производи преку развој на земјоделскиот пазар преку насочување и стимулирање на пазарната ориентираност и снабдувањето со квалитетни земјоделски производи и производи;
- Поттикнување на економскиот развој и создавање можности за вработување во секторот земјоделство;
- Поттикнување на економскиот развој и создавање можности за вработување во руралните средини, преку производство на производи со дополнителна вредност, со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

**9. Ризици и претпоставки**

Главна мотивација за донесување на предложениот закон е хармонизирање на македонското законодавство со европското законодавство во оваа област. Главниот ризик за Република Македонија е тоа што доколку не се усогласи законодавството со она на ЕУ, а во конкретниот случај доколку не се транспонираат Регулатива (ЕЦ) бр. 1234/2007 од 22 октомври 2007, Регулатива (ЕЦ) бр. 1786/2003 од 29 септември 2003 година, Директива бр. 79/373 од 2 април 1979 година, Регулатива (ЕЦ) бр. 882/2004 од 29 април 2004, Регулатива бр.1580/2007 од 21 декември 2007, Регулатива (ЕЦ) бр.1221 од 5 декември 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 589/2008 од 23 јуни 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 543/2008 од 16 јуни 2008, Регулатива на Советот (ЕЦ) бр. 2001/110/ЕС од 20 декември 2001, Регулатива (ЕЦ) бр.700/2007 од 11 јуни 2007, Регулатива (ЕЦ) бр. 1669/2006 од 8 ноември 2006, Регулатива (ЕЦ) бр. 1249/2008 од10 декември 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 1183/2006 од 24 јули 2006,

Регулатива (ЕЦ) бр. 0826/2008 од 20 август 2008, Регулатива бр. 0391/1968, Директивата на Комисијата бр.79/373, Регулатива (ЕЦ) бр. 2967/1985 од 1985, Регулатива (ЕЦ) бр.0365/1988 од 1988, Регулатива (ЕЦ) бр. 3220/1984 од 1985, Регулатива (ЕЦ) бр. 0449/1989 од 1989, Директива 74/409/ЕЕЗ од 22 јули 1974, Директива бр. 074/1974 од 1974, Директива бр. 046/1992 од 16 јуни 1992, Директива бр. 013/2000 од 1974, Регулатива (ЕЦ) бр. 0595/2004 од 30 март 2004, Регулатива (ЕЦ) бр. 0509/2006 од 20 март 2006 и Регулатива (ЕЦ) бр. 0510/2006 од 20 март 2006 во домашен правен акт, тоа ќе му наштети на аплицирањето на Република Македонија за прием во Европската унија.

**10. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Предлогот на законот за земјоделство и руарален развој беше предмет на Јавна расправа на која земаа учество сите засегнати страни особено Националните здруженија на земјоделците, Стопанските комори и Здруженија на преработувачи, Здруженија на потршувачи, научни и образовни институции од областа на земјоделството. Исто така,

Предлогот на законот за квалитет на земјоделски производи е доставен на мислење до Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за правда.

**Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Во процесот на пристапување кон ЕУ, земјоделството и безбедноста на храната претставуваат најтешко и најсложено поглавје во преговарачкиот процес во кој преговорите траат најдолго и најбавно. Тоа не е само заради сложеноста и обемноста на областа, туку и затоа што со пристап на државите кон ЕУ, овој сектор ги користи позициите и погодностите на ЕУ до нивото кое го имал при приемот во Унијата.

Со донесувањето на Законот за квалитет на земјоделски производи, како најзначаен правен акт од областа на пазарите на земјоделските производи и преработки, предвидено е да овозможи, нивен повисок квалитет и олеснување на движењето на земјоделските производи и преработки, во согласност со тековните реформи во рамките на ЕУ

Затоа создавањето на правна рамка за уредување на овој сектор и нејзино оспособување за поинтензивен развој на секторот, претставуваат приоритети на Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Владата) и на државата во целина. Се очекува дека со донесувањето на новиот Закон за земјоделство и рурален развој треба да создадат услови за понатамошна реализација на овие приоритети. Важен предуслов за зголемување на конкурентноста на земјоделските производи и преработки на странските пазари, а особено на оние во ЕУ, но и на домашниот пазар е зголемувањето на нивниот квалитет, следливост и безбедност.

Со Законот за квалитет на земјоделски производи, ќе се уредат пазарите, преку утврдување на минимален квалитет и останати стандарди за квалитет на земјоделските производи кои се ставаат во промет, зголемување на квалитетот и конкурентноста на земјоделските производи и преработки, остварување на следливост и подобро информирање на потрошувачите за природата и потеклото на земјоделските производи и преработки. Исто така преку овој Закон дефиниран е процесот на формирањето на бази на податоци и одговорност за нивно воспоставување, одржување, чување и почитување, како основа за планирање, администрација, следење и контрола на политиките и мерките во областа, како и работата на институциите кои истите ги реализираат. Начинот и постапката на добивање на регистрација на производите со дополнителна вредност како што се земјоделски производи и преработки заштитени со ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, исто така се регулираат во овој Закон.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Билјана Талеска, раководител на Одделение за стандарди и квалитет на замјоделски производи, Елена Тапанџиоска, советник во одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи.

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- М-р Бесир Јашари, државен секретар,
- Шериф Мемети**,** државен советник,
- Мери Протиќ, раководител на Сектор за нормативно-правни работи,
- Абдилгафар Синани, раководител на Сектор земјоделство,
- Живко Брајковски, раководител на Сектор за ЕУ.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. | |
| | | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. | |
| | | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. | |
| | | Има влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. | |
| | | Нема влијание | врз животната средина. | |
| | | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. | |
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни. | | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | Датум на објавување: 23.03.2010<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда и Министерство за економија. | |
| | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| | Спроведени се меѓуресорски консултации. | НЕ |
| | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Љупчо Димовски,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: 10.05.2010